# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

Службен гласник на Општина Кисела Вода
Излегува по потреба
Рок на рекламации 15 дена
www.kiselavoda.gov.mk

17 февруари 2023
Скопје
Број 3, година XVIII
contact@kiselavoda.gov.mk

**Скопје, Февруари, 2023 година**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за издвојување на финансиски средства како помош од Општина Кисела Вода во санирање на последиците од катастрофалниот земјотрес во Република Турција и Сирија**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за издвојување на финансиски средства како помош од Општина Кисела Вода во санирање на последиците од катастрофалниот земјотрес во Република Турција и Сирија, донесена на Дваесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 15 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-1498/1
17.02.2023
година Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевскис.р.

Врз основа на член 34 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода – пречистен текст („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Дваесеттата пленарна седница, одржана на 15 февруари 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за издвојување на финансиски средства**
**како помош од Општина Кисела Вода**
**во санирање на последиците од катастрофалниот земјотрес**
**во Република Турција и Сирија**

**Член 1**

Како финансиска помош од Општина Кисела Вода за санирање на последиците од катастрофалниот земјотрес во Република Турција и Сирија, се издвојуваат финансиски средстваво износ од 500.000,00денари.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа Одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Кисела Вода за 2023 година, програма АО - Совет на општина, подставка 412110 - Постојани резерви (непредвидливи расходи), и истите да се уплатат на сметката за донации - Фондот за солидарност на Црвен Крст на РСМ со жиро сметка: 300000001327966 депонент Комерцијална Банка АД Скопје, за кои Црвен Крст на РСМ е должен на Општина Кисела Вода да и достави извештај за насочените средства за помош за санирање на последиците од катастрофалниот земјотрес во Република Турцијаи Сирија.

**Член 3**

Оваа Одлука да ја изврши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за финансиски прашања.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 09-1192/3
15 февруари 2023
година Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за избор на командир на Полициска станица од општа надлежност Драчево**

1. Со ова Решение се објавува Одлукатаза избор на командир на Полициска станица од општа надлежност Драчево, донесена на Дваесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 15 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-1498/2
17.02.2023
година Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 24 од Законот за полиција (Сл. Весник на Р.М. бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14,33/15, 31/16, 106/16 и 120/16) и член 34 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода – пречистен текст (Службен весник на Општина Кисела Вода бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Дваесеттата пленарна седница одржана на 15 февруари 2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на командир на Полициска станица**
**од општа надлежност – Драчево**

**Член 1**

За командир на Полициска станица од општа надлежност – Драчево се избира Горан Колевски.

**Член 2**

Стручната служба оваа Одлука да ја достави до Министерот за внатрешни работи.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-1192/4
15 февруари 2023
година Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Заклучок за давање согласност на измената на годишниот план за вработување за 2023 година на ООУ,,Кузман Шапкарев,, н.Драчево**

1. Со ова Решение се објавува Заклучокот за давање согласност на измената на годишниот план за вработување за 2023 година на ООУ,,Кузман Шапкарев,, н.Драчево, донесен на Дваесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 15 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-1498/3
17.02.2023
година Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела
Вода Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 20-б од Закон за вработени во јавен сектор ( Службен весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на РСМ бр. 143/19), член 112 од Статутот на Општина Кисела Вода – пречистен текст („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 01/2020) а расправајќи по измената на Годишниот план за вработување за 2023 година на О.О.У.,,Кузман Шапкарев,,н.Драчево, Советот на Општина Кисела Вода на Дваесеттата пленарна седница одржана на 15 февруари 2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на измената на Годишниот план за вработување за 2023 година на О.О.У.,,Кузман Шапкарев,, н.Драчево**

1. Со овој Заклучок се дава согласност на Измената на Годишниот план за вработување за 2023 година на О.О.У.,,Кузман Шапкарев,, н.Драчево.

2. Заклучокот да се достави до Секторот за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура, до О.О.У.,,Кузман Шапкарев,, н.Драчево и Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-1192/5
15 февруари 2023
година Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Заклучок за давање согласност на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ООУ „Кузман Шапкарев“ – Општина Кисела Вода, Скопје**

1. Со ова Решение се објавува Заклучокот за давање согласност на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ООУ „Кузман Шапкарев“ – Општина Кисела Вода, Скопје, донесен на Дваесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 15 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-1498/4
17.02.2023
година Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевскис.р.

Врз основа на член 26, став 4 од Закон за основно образование ( Службен весник на РСМ бр. 161/19 и 229/20), член 112 од Статутот на Општина Кисела Вода – пречистен текст (Службен Гласник на Општина Кисела Вода бр. 01/2020), а согласно Барањето за давање согласност на дополнувањето на Статутот на ООУ „Кузман Шапкарев“ – Општина Кисела Вода, Скопје со бр. 09-934/1 од 01.02.2023 година, Советот на Општина Кисела Вода на Дваесеттата пленарна седница, одржана на 15 февруари 2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ООУ „Кузман Шапкарев“ – Општина Кисела Вода, Скопје.**

1. Со овој Заклучок се дава позитивно мислење на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на ООУ „Кузман Шапкарев“ – Општина Кисела Вода, Скопје.

2. Заклучокот да се достави до Секторот за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура до ООУ „Кузман Шапкарев“- Општина Кисела Вода, Скопје и Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-1192/6
15 февруари 2023
година Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за Енергетска Ефикасност во Општина Кисела Вода во 2022 година**

1. Со ова Решение се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за Енергетска Ефикасност во Општина Кисела Вода во 2022 година, донесен на Дваесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 15 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-1498/5
17.02.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02**),** член 112 од Статутот на Општина Кисела Вода пречистен текст (,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/20) расправајќи по Извештајот за реализација на Програмата за енергетска ефикасност во Општина Кисела Вода во 2022 година, Советот на Општина Кисела Вода на Дваесеттата пленарна седница одржана на 15 февруари 2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за Енергетска Ефикасност во Општина Кисела Вода во 2022 година**

1.Со овој Заклучок се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за енергетска ефикасност во Општина Кисела Вода во 2022 година.

2. Овој Заклучокот да се достави до Секторот за локален економски развој и Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија.

3.Овој Заклучок ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-1192/7
15 февруари 2023
година Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисел Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Заклучок за усвојување на Акционен план за 2023 година (од Програмата за Енергетска ефикасност за Општина Кисела Вода 2021-2023 година)**

1. Со ова Решение се објавува Заклучокот за усвојување на Акционен план за 2023 година (од Програмата за Енергетска ефикасност за Општина Кисела Вода 2021-2023 година), донесен на Дваесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 15 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-1498/6
17.02.2023
година Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела
Вода Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02**),** член 112 од Статутот на Општина Кисела Вода пречистен текст (,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/20) расправајќи по Акциониот план за 2023 година (од Програмата за Енергетска ефикасност за Општина Кисела Вода 2021-2023 година), Советот на Општина Кисела Вода на Дваесеттата пленарна седница одржана на 15 февруари 2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Акционен план за 2023 година**
**(од Програмата за Енергетска ефикасност за Општина Кисела Вода**
**2021-2023 година)**

1.Со овој Заклучок се усвојува Акциониот план за 2023 година (од Програмата за Енергетска ефикасност за Општина Кисела Вода 2021-2023 година).

2. Овој Заклучокот да се достави до Секторот за локален економски развој и Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија.

3.Овој Заклучок ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-1192/8
15 февруари 2023
година Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела
Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејства со новороденчиња на подрачје на Општина Кисела Вода за 2023 година**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за доделување на еднократна парична помош на семејства со новороденчиња на подрачје на Општина Кисела Вода за 2023 година, донесена на Дваесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 15 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

ГРАДОНАЧАЛНИК

Број 08-1498/7
17.02.2023
година Скопје

на Општина Кисела Вода Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22, точка 7 и член 62, точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. бр. 5/02),член 34, точка 8 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.01/20), Советот на Општина Кисела Вода на Дваесеттата пленарна седница одржана на 15 февруари 2023 година, донесе:

## О Д Л У К А
## за доделување на еднократна парична помош на семејства со новороденчиња на подрачје на Општина Кисела Вода за 2023 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува доделување на еднократна парична помош на семејства со новороденче кои се со живеалиште на подрачје на Општина Кисела Вода (минимум еден родител).

**Член 2**

На секое семејство со новороденче од 01-01-2023 год. до 31-12-2023 год. и семејство со прво посвоено дете, со живеалиште на подрачје на Општина Кисела Вода (минимум еден родител), ќе му биде доделена еднократна парична помош во износ од 6.000,00 денари.

За посвоено дете ќе се смета и првото посвоено дете, како и кога ќе се посвојат повеќе деца одеднаш (близнаци, тројка и повеќе), при првото посвојување на возраст на детето/цата до една година доколку мајката нема прво новородено дете.

**Член 3**

Еднократната парична помош ќе се доделува врз основа на поднесено барање до Општина Кисела Вода од страна на семејството, со уредно приложена документација на увид која ќе го потврди раѓањето на новиот член во семејството и територијалната припадност (живеалиште) на подрачје на Општина Кисела Вода, а за посвоеното дете/ца и примерок од решението за посвојување.

Територијалната припадност (живеалиштето) на подрачје на Општина Кисела Вода, ќе се потврди со приложување на увид важечка лична карта или друга исправа за лична идентификација барем од еден родител, со исклучок на новороденче на самохран родител.

За самохран родител на дете се смета родител

-дете кое го издржува, ако другиот родител е починат,

-дете од разведен брак, ако родителот кај кого детето живее, не живее во брачна, односно вонбрачна заедница,

-дете на кое едниот родител е непознат и

-дете на кое едниот родител се води за исчезнат.

Својството на самохран родител се докажува на следниот начин:

-доколку едниот родител е починат, со препис на извод од матична книга на умрените;

-за разведен брак со правосилна судска пресуда,
-доказ дека родителот не е во брачна заедница со препис на извод од матична книга на родени не постар од шест месеци или дека родителот не е во вонбрачна заедница со изјава дека не е во вонбрачна заедница,
-доказ од надлежен суд дека едниот родител се води за исчезнат,
-а за родител кој се води за непознат препис на извод од матична книга на родените на детето.

Барателите, потребно е да приложат фотокопија од трансакциска сметка.

Доставената документација, по основ на поднесеното барање ќе се чуваат од страна на Општина Кисела Вода.

Рокот за поднесување на потребната документација е 90 дена од денот на раѓањето на новороденчето, а за посвоеното дете најдоцна до 90 дена од заведувањето на посвоеното дете во книгата на родените.

**Член 4**

Средствата за оваа намена ќе се издвојуваат од Буџетот на Општина Кисела Вода за 2023 година, од подпрограмата Д10 – Месна самоуправа, потставка 464990 - Други трансфери.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 09-1192/9
15 февруари 2023
година Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за одобрување средства како еднократна парична помош на Зоран Јовановски**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за одобрување средства како еднократна парична помош на Зоран Јовановски, донесена на Дваесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 15 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-1498/8
17.02.2023
година Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ„ бр.5/02), член 34, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода„ бр.1/2020), а согласно Правилникот за критериумите, постапката и износот за доделување на еднократна парична помош (“Службен гласник на Општина Кисела Вода„ бр.2/2022), расправајќи по барањето на Зоран Јовановски бр.09-1014/1 од 03.02.2023 година, Советот на Општина Кисела Вода на Дваесеттата пленарна седница одржана на 15 феруари 2023 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за одобрување средства како еднократна парична помош**
**на Зоран Јовановски**

**Член 1**

Се прифаќа Барањето бр.09-1014/1 од 03.02.2023 година на Зоран Јовановски со живеалиште на ул.Борис Трајковски 1 бр.19, Скопје за доделување на еднократна парична помош. Се доделуваат парични средства во износ од 30.000 денари од Буџетот на Општина Кисела Вода.

**Член 2**

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, Решение ќе донесе Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 09-1192/10
15 февруари 2023
година Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Заклучок за усвојување на Извештај за извршениот попис на средствата и нивните извори со состојба на 31.12.2022 година**

1. Со ова Решение се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за извршениот попис на средствата и нивните извори со состојба на 31.12.2022 година, донесен на Дваесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 15 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-1498/8
17.02.2023
година Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02**),** член 112 од Статутот на Општина Кисела Вода пречистен текст (,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/20) расправајќи по Извештајот за извршениот попис на средствата и нивните извори со состојба на 31.12.2022 година, Советот на Општина Кисела Вода на Дваесеттата пленарна седница одржана на 15 феруари 2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештај за извршениот попис на средствата и нивните извори со состојба на 31.12.2022 година**

1.Со овој Заклучок се усвојува Извештајот за извршениот попис на средствата и нивните извори со состојба на 31.12.2022 година.

2.Овој Заклучокот да се достави до Секторот за финансиски прашања.

3.Овој Заклучок ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-1192/11
15 февруари 2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за одобрување средства како еднократна парична помош на Перо Грнчаровски**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за одобрување средства како еднократна парична помош на Перо Грнчаровски, донесена на Дваесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 15 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-1498/10
17.02.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ„ бр.5/02), член 34, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода„ бр.1/2020), а согласно Правилникот за критериумите, постапката и износот за доделување на еднократна парична помош (“Службен гласник на Општина Кисела Вода„ бр.2/2022), расправајќи по барањето на Перо Грнчаровски бр.09-1363/1 од 13.02.2023 година, Советот на Општина Кисела Вода на Дваесеттата пленарна седница одржана на 15 феруари 2023 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за одобрување средства како еднократна парична помош**
**на Перо Грнчаровски**

**Член 1**

Се прифаќа Барањето бр.09-1363/1 од 13.02.2023 година на Перо Грнчаровски со живеалиште на ул.Речиште бр.27, Скопје за доделување на еднократна парична помош. Се доделуваат парични средства во износ од 20.000 денари од Буџетот на Општина Кисела Вода.

**Член 2**

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, Решение ќе донесе Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 09-1192/12
15 февруари 2023
година Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за одобрување средства како еднократна парична помош на Мирјана Брљанова**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за одобрување средства како еднократна парична помош на Мирјана Брљанова, донесена на Дваесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 15 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-1498/11
17.02.2023
година Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ„ бр.5/02), член 34, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода„ бр.1/2020), а согласно Правилникот за критериумите, постапката и износот за доделување на еднократна парична помош (“Службен гласник на Општина Кисела Вода„ бр.2/2022), расправајќи по барањето на Мирјана Брљанова бр.09-749/1 од 26.01.2023 година, Советот на Општина Кисела Вода на Дваесеттата пленарна седница одржана на 15 феруари 2023 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за одобрување средства како еднократна парична помош**
**на Мирјана Брљанова**

**Член 1**

Се прифаќа Барањето бр.09-749/1 од 26.01.2023 година на Мирјана Брљанова со живеалиште на ул.Ѓорѓи Сугаре бр.8-2/1, Скопје за доделување на еднократна парична помош. Се доделуваат парични средства во износ од 15.000 денари од Буџетот на Општина Кисела Вода.

**Член 2**

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, Решение ќе донесе Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 09-1192/13
15 февруари 2023
година Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

# С О Д Р Ж И Н А:

1.Одлука за издвојување на финансиски средства како помош од Општина Кисела Вода во санирање на последиците од катастрофалниот земјотрес во Република Турција и Сирија;

2.Одлука за избор на командир на Полициска станица од општа наделжност Драчево;

3.Заклучок за давање согласност на измената на годишниот план за вработување за 2023 година на ООУ,,Кузман Шапкарев,, н.Драчево;

4.Заклучок за давање согласност на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ООУ „Кузман Шапкарев“ – Општина Кисела Вода, Скопје.

5.Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за Енергетска Ефикасност во Општина Кисела Вода во 2022 година;

6.Заклучок за усвојување на Акционен план за 2023 година (од Програмата за Енергетска ефикасност за Општина Кисела Вода 2021-2023 година);

7.Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејства со новороденчиња на подрачје на Општина Кисела Вода за 2023 година;

8.Одлука за одобрување средства како еднократна парична помош на Зоран Јовановски;

9.Заклучок за усвојување на Извештај за извршениот попис на средствата и нивните извори со состојба на 31.12.2022 година;

10.Одлука за одобрување средства како еднократна парична помош на Перо Грнчаровски;

11.Одлука за одобрување средства како еднократна парична помош на Мирјана Брљанова;